РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА
СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„Павел Шатев“
Бр. 02 – 306/6
14.07. 2022 год.
С К О П Ј Е

Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на седница одржана на 14.07.2022 година, врз основа на член 13 став 1 алинеја 3 и член 20 став 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), донесе одлука за објавување на

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, објавува јавен оглас за избор на директор на Академијата.

**Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор на директор**

Кандидатите за директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да има најмалку осум години работен стаж како судија во судовите во Република Северна Македонија, во Уставниот суд на Република Северна Македонија, во меѓународен суд или лице со најмалку осум години работен стаж како јавен обвинител,

- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,

- во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, и

-во моментот на именувањето со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.

**<u>Содржина на пријавата и потребни документи</u>**

Во пријавата кандидатите е потребно да назначат за кое место конкурираат.

Кандидатите кон пријавата да ги приложат следните документи:

- Потврда за работен стаж,
- Меѓународно признат сертификат за познавање на странски јазик,
- Уверение за неосудуваност, и
- Уверение за неизречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**<u>Рок и начин на пријавување</u>**

Рокот за пријавување на јавниот оглас изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на одлуката за распишување на јавниот оглас за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ во Службен весник на Република Северна Македонија.

Јавниот оглас, покрај во „Службен весник на Република Северна Македонија“ се објавува и во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“ и на интернет страницата на Академијата.

Пријавата, како и потребните документи, заинтересираните кандидати ги поднесуваат лично до лицето овластено за прием во Академијата во работни денови, од 08:30 до 16:30 часот.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“

Претседател на Управен одбор,
Д-р Лазар Нанев